# *Дрво на одлуки*

Дрвото на одлуки е мапа на можни исходи од низа сродни избори. Тоа му овозможува на поединецот или организацијата да ги измери можните активности едни наспроти други врз основа на трошоците, веројатностите и користите.

## Симболи на дрвото на одлуки

| Форма | Име | Значење |
|---|---|---|
|  | Јазол на одлука | Упатува на одлуката што треба да се донесе |
|  | Јазол на можноста | Покажува повеќе несигурни исходи |
|  | Алтернативни гранки | Секоја гранка го покажува можниот исход или делување |
|  | Одбиена алтернатива | Го покажува изборот што не се донел |
|  | Јазол на крајната точка | Го прикажува крајниот исход |

***Како да создадете дрво на одлуки?***

*Започнете со главната одлука*

Нацртајте мала кутија за да ја претставите оваа точка, потоа нацртајте линија од кутијата кон десно за секое можно решение или делување. Означете ги соодветно. Доколку исходот е несигурен, нацртајте круг (круговите ги претставуваат јазлите на можности). Од секој јазол на одлука, нацртајте можни решенија. Од секој јазол на можности нацртајте линии кои ќе ги претставуваат можните исходи. Продолжете да ја проширувате сè додека секоја од линиите не достигне некоја крајна точка, што значи дека нема повеќе избори што можат да се направат или можни исходи што можат да се земат предвид. Додајте триаголници за да ги означите крајните точки. Откако ќе го завршите дрвото на одлуки, спремни сте да започнете со анализирање на одлуката со која се соочувате.

